РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-3
25.02.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

До:

**Предмет: Одговор на Претставка за емисијата „Седмица“ на ТВ Алфа**

Почитуван,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја прими Вашата Претставка, насловена „Пријава на говор на омраза“ (наш бр. УПП 03/3 од 11.02.2025 г.), во врска со репризното емитување на емисијата „Седмица“ на програмата на ТВ Алфа на 10.02.2025 година. Во неа наведувате дека во ова издание на „Седмица“ биле изнесени многу невистинити, пристрасни и несоодветни квалификации од новинарот кон државата, политичарите, судството и други јавни чинители. Дополнително, тврдите дека се глорифицирале криминалци, а стилот на изразување и иронијата кон одредени национални заедници – Албанците, Ви предизвикале чувство на несигурност и омаловажување. Притоа, барате Агенцијата соодветно да постапи против новинарот и медиумот.

Посоченото издание на политичкиот магазин „Седмица“, премиерно било емитувано на 9 февруари со почеток во 20 часот и 46 минути, а автор и водител е Жанровски, станува збор за информативен магазин, во кој водителот коментира некои од најважните општествено-политички настани од претходната недела.

Во ова издание на емисијата, темата беше починувањето на едно од лицата осудени за настаните од 27 април 2017 година, кога група граѓани насилно влегоа во Собранието на државата. Во неа новинарот изразува несогласување со судиските одлуки и со квалификацијата на делата како „терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста на државата“. Тој, во контекст на тезата за нефункционалност на судството, прави и корелација со сообраќајната несреќа во која загина и по која следеа низа протести.

Изнесените ставови на уредникот и водителот о ова издание на емисијата „Седмица“, дел од публиката може да смета дека се контроверзни но, согласно праксата на Европскиот суд за човекови права која Агенцијата ја следи при надзорот од аспект на почитување на слободата на изразување (член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги), тие не можат да бидат предмет на ограничување

бидејќи се во функција на поставување прашања и изнесување ставови за поширока јавна дебата на актуелни општествено политички теми и јавно критикување и преиспитување на работата на политичарите и институциите. Оттаму, **содржината на анализираното издание на политичкиот магазин „Седмица" беше во рамки на правото на слобода на изразување и слобода на политичка дебата во медиумите.**

Извештајот од надзорот, со сите детали од анализата и релевантните домашни и странски акти и судски случаи, се наоѓа на веб страницата на Агенцијата https://avmu.mk/

Агенцијата, за Претставката и за наодите од надзорот, ќе ја извести и ТВ Алфа.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**